Врз основа на член 139 од Законот за заштита на природа (Сл.Весник на Р.Македонија бр.67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16) и член 10 од Статутот на Јавната Установа Национален Парк Маврово , Управниот Одбор на седницата одржана на ден: 30.01.2025 година ја донесе следната:

Бр. 02-88/1
30.01.2025

# ОДЛУКА

**За изменување и дополнување на цените на риболовните дозволи за 2025 година за риболовните води на територија на Национален Парк Маврово**

**Член 1**

Се оваа одлука се врши изменување и дополнување на цените на риболовните дозволи за 2025 година за риболовните води на територија на Национален Парк Маврово утврдени во одлука бр.02-1055/1 од 27.12.2024 година .

Ставката 3 (седум-дневни риболовни дозволи), ставката 4 (седум-дневни риболовни дозволи за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово), ставката 5 (15 – дневни риболовни дозволи) и ставката 6 (15 – дневни риболовни дозволи за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово) се бришат.

Во одлуката за утврдување на цените на риболовните дозволи за 2025 година за риболовните води на територија на Национален Парк Маврово се додаваат следниве ставки:

| Р. бр | Тип на дозвола | Цена во денари |
|---|---|---|
| 1 | Тридневни риболовни дозволи | 750 |
| 2 | Тридневни риболовни дозволи за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово | 200 |
| 3 | Месечни риболовни дозволи | 2000,00 |
| 4 | Месечни риболовни дозволи за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово | 1000,00 |

Согласно измените и дополнувања во оваа одлука да се изработи пречистен текст на ценовникот за риболовни дозволи за 2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

До Управниот Одбор Директорот достави Предлог за изменување и дополнување на ценовникот за риболовни дозволи за 2025 година кој е изработен во соработка со стручниот колегијален орган и истата е усогласена со Законот за рибарство и аквакултура (Сл.Весник на РСМ бр.64/24) каде што се предвидува дека риболовните дозволи меѓу другото се издаваат како тридневни и месечни.Исто така со оваа одлука се укинуваат петнаесетдневните и седумдневните кои што не се предвидени во Законот за рибарство и аквакултура (Сл.Весник на РСМ бр.64/24).

Управниот одбор го прифати предлогот и одлучи како во оваа одлука.

30.01.2025 год.
Маврови Анови

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател
Даниела Наумоска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален парк МАВРОВО
Бр. 02-90/1
30.01.2025 год.
Маврови Анови

## ЦЕНОВНИК ЗА РИБОЛОВНИ ДОЗВОЛИ

## ЗА 2025 ГОДИНА

| Р. бр | Тип на дозвола | Цена во денари |
|---|---|---|
| 1 | Дневни риболовни дозволи | 300 |
| 2 | Дневни риболовни дозволи за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово | 100 |
| 3 | Тридневни риболовни дозволи | 750 |
| 4 | Тридневни риболовни дозволи за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово | 200 |
| 5 | Месечни риболовни дозволи | 2000,00 |
| 6 | Месечни риболовни дозволи за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово | 1000,00 |
| 7 | Годишна риболовна дозвола | 5000,00 |
| 8 | Годишна риболовна дозвола за жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово | 2500,00 |
| 9 | Годишна риболовна дозвола за ученици, студенти и пензионери | 3000,00 |
| 10 | Годишна риболовна дозвола за ученици, студенти и пензионери кои се жители кои живеат на територија на Н.ПМаврово | 1500,00 |

30.01.2025 година

Маврови Анови

Претседател на Управен одбор

Даниела Наумоска